ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 01.08.2011 година во 9.00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

Присутни : Градоначалник **Арсенчо Алексовски**, Раководител на Одделение за правни и општи работи **Јаготка Николовска,** Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски**, Раководител на одделение за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот **Татјана Ѓоргиевска,** Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина **Добривој Николовски** Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Александар Ангелов** Директор на ЈП КОМУНАЛЕЦ **Цане Николовски,** Советник за уредување на градежно земјиште Никола Граматиков.

**Дневен ред :**

- Разгледување на реализација на тековни задолженија
- Дискусија и Насоки за реализација на задолженија
- Разно

## ЗАКЛУЧОЦИ

**Одделение за правни и општи работи**:

Да се прибави информација за точната состојба на подвижни предмети (прозори, врати и други предмети) произлезени од реконструкција на ОУ ИЛИНДЕН *Јаготка Николовска. 1.8.2011 година.*

Да се подготви и испрати допис до Влада врз основа на направено согледување за тоа кои пропаднати фирми поседуваат објекти и колкава е површината која ја поседуваат. *Јаготка Николовска. 1.8.2011г. во кординација со Татјана Ѓоргиевска.*

Да се поведе постапка преу Државно правобранителство на Р. Македонија за враќање на земјиштето – игралиште во с. Жидилово *Јаготка Николовска. 1.8.2011 година.*

Да се види за ангажирање на работници

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Да се дефинирааат сите индустриски зони во општина Крива Паланка. *Добривој Николовски во текот на неделата.*

Да се испарцелизира просторот на поранешната касарана и да се достават податоци до Влада. *Добривој Николовски 1.8.2011 година*

Да се изврши увид на местото кај Манастирот Св. Јоаким Осоговски ( манастирските сливи) за можноста за партерно уредување односно за изградба на спомен обележје на францускиот сликар Мишел Раби. *Добривој Николовски во текот на неделата.*

**Одделение за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот**

Да се изврши утврдување на данок на имот на оние субјекти за коишто не е направена процена. Во доставувањето на Данокот на имот да се вклучи и ЈП Комуналец *Татјана Ѓоргиевска 1.8.2011 тековно*

Да се достави допис до Финансиска Полиција за вршење на увид поради избегнување на плаќање на данок на имот кај правниот субјект Карбо Нова *Татјана Ѓоргиевска 1.8.2011*

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Во координација со Директорот на ОУ Ј. Крчовски да се обезбеди нафта за пробно пуштање на парното во ОУ Партизан . *Душко Арсовски* 01.08.2011

Предлози на проекти за аплицирање преку проект туризам без граници : 1. Поради немање на согласност од страна на населението покрај левата страна на Дурачка Река да биде изграден пат како алтернативна опција да се земе во предвид патот Жидилово-Дервен- Манастир Св. Ј. Осоговоски. Да се распише јавна набвака за изработка на проект доколку не посотои изработен проект.,

Да се види домот во с. Жидилово да се преуреди со намена за станови за социјални случаеви.

Модернизација и доопремување на салата на Советот на Општина Крива Паланка

Планинарски Дом Царев Врв.

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Да се достави урнек од Нацрт-Програмата за стопанисување со градежно земјиште во државна сопственост да се дадат потребни информации за изготвување на програмата и во координација со Добривој Николовски да се утврди дали е потребно да се изготви Програма за времени објекти или да се опфати со Нацрт-Програмата. *Никола Граматиков 01.08.2011 г.*

Да се направи проценка и да се изготви Решение за депонијата. *Александар Ангелов итно*

Да се изврши уредување на речното корито на Крива Река помеѓу двата моста карши градскиот парк со ангажирање на работници од страна на Општина Крива Паланка. Да се види за ангажирање на работници *Александар Ангелов во кординација со одд за општи и правни работи во текот на неделата*

Да се направат 30 клупи за Меѓународниот фолклорен фестивал Св. Ј. Осоговски *Никола Граматиков и Цане Никловски*, најдоцна 3 дена до започнување на фолклорниот фестивал.

Да се пушти ургентно писмо до Агенција за државни патишта дека не е одговорено на барањето за чистење на пропустите на магистралниот пат *Никола Граматиков и Александар Ангелов итно.*

Да се соберат податоци за фирми кои може да направат метални капаци за шахти. *Никола Граматиков 01.08.2011 година.*

**ЈП КОМУНАЛЕЦ**

Согласно на гаранцијата од договорот за изградба на водовод да се пушти допис до Конструктор за санација-менување на оштетено црево на водоводот во с. Конопница – маала Трнци и да се преземат активности и мерки од надзорот. *Цане Николовски Координација со Добривој Николовски 01.08.2011*

Да се утврди со кој проект може да аплицира ЈП Комуналец по проектот Туразам без граници и да се достави предлог до колегиумот. *Цане Николовски во координација со Душко Арсовски.*

Да се отпочне со поставување на чешми на територијата на општина Крива Паланка. *Цане Николовски 01.08.2011*

Записник водеше Б. Тасевска

Изготвил И. Додевски

| | | | |
|---|---|---|---|
| Душко Арсовски | ________________ | Јаготка Николовска | ________________ |
| Александар Ангелов | ________________ | Татјана Ѓоргиевска | ________________ |
| Добривој Николовски | ________________ | Цане Николовски | ________________ |
| Бранко Велиновски | ________________ | | |